**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 17 од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19) и член 13 од Правилникот за лиценци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.51/19, 54/19, 214/19, 114/20, 246/20 и 44/21), Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија на седницата одржана на xx февруари 2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ТРГОВИЈА НА ГОЛЕМО СО СУРОВА НАФТА, НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ, БИОГОРИВА И ГОРИВА ЗА ТРАНСПОРТ - ТРГОВИЈА НА ГОЛЕМО СО ЕУРОДИЗЕЛ БС**

1. На Друштвото за транспорт, производство, трговија и услуги ЕУРО ПЕТРОЛ ДОО Чешиново, Чешиново-Облешево, му се издава лиценца за вршење на енергетска дејност трговија на големо со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт - Трговија на големо со Еуродизел БС.

2. Лиценцата за вршење на енергетската дејност трговија на големо со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт- Трговија на големо со Еуродизел БС е дадена во Прилог, којшто е составен дел на оваа одлука.

3. Носителот на лиценцата од точка 1 на оваа одлука е должен до 30 јуни 2023 година да го усогласи капацитетот на објектите за складирање со одредбите на Правилникот за условите за евидентирање на количините и потребниот капацитет, на објектите за складирање на сурова нафта, нафтени деривати, биогорива или горива за транспорт („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.13/21 и 290/22), и да поднесе барање за менување на лиценцата.

4. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

О б р а з л о ж е н и е

Друштвото за транспорт, производство, трговија и услуги ЕУРО ПЕТРОЛ ДОО Чешиново, Чешиново-Облешево, со седиште Магистрален Пат М-5 бб Чешиново, (во понатамошниот текст: Друштво), поднесе Барање за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност трговија на големо со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт – трговија на големо со Еуродизел БС, УП1 бр. 11-472/22 од 10 ноември 2022 година.

Согласно член 8, став (5) од Правилникот за лиценци, Регулаторната комисија за енергетика на 14 ноември 2022 година на својата веб страница објави Соопштение за поднесеното Барање.

Друштвото, Барањето и документацијата наведена во член 7 и Прилог 1 точка 15 и 15.5, односно од Образецот БЛ 21 од Правилникот за лиценци, ги достави во оригинал и електронски во pdf формат.

Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика), по увид во документацијата достави до друштвото Известување за непотполно барање УП1 бр.11-472/22 од 10 ноември 2022 година и побара во дополнително утврден рок од 20 дена друштвото дополнително да достави:

- Овластување за доставување на податоци и Изјава за веродостојност на доставените податоци и информации (согласно Прилог 7 од Правилникот за лиценци),

- тековна состојба издадена од ЦР на РСМ со главна дејност трговија на големо со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт и/или општа клаузула за бизнис,
- нов Имотен лист со прибележан Договор за закуп,
- основен, изведбен проект и проект на изведена состојба или проект за пренамена/адаптација (фаза машинство и електрика), од овластени инженери за таков вид на проекти,
- правилник за заштита од пожари и експлозии со согласност од Дирекцијата за заштита и спасување,
- елаборат за оценка на влијанието врз животната средина, одобрен од Министерство за животна средина,
- одобрение за употреба на енергетскиот објект или извештај за извршен технички преглед и ставање во употреба (за фазите машинство и електрика заедно или поединечно) од овластени инженери за таков вид на проекти, согласно закон
- табели на зафатнина од Биро за метрологија или друг овластен субјект
- решение за верификација на мерило/а (протокомери, за мазут - вага) од Биро за метрологија,
- претходна согласност за локација од Министерството за внатрешни работи и/или соодветен акт со кој се потврдува дека се спроведени мерките за безбедност, заштита на имотот и правила за работа и однесување на работниците што ги вршат работите на складирањето предвидени во инвестиционо-техничката документација и постојните прописи,
- записник за извршен инспекциски надзор од (МТУ) од Пазарен инспекторат,
- доказ дека барателот поседува овластувања, лиценци, акредитации или има склучено договор со деловни лиценцирани и акредитирани правни субјекти за вршење на дејности одржување и контрола на инсталациите и квалитетот на складираните горива, и тоа:
    1. поседување на сопствена или склучен договор со акредитирана лабораторија за испитување на квалитет на нафтени деривати и/или поседување на сопствено или склучен договор со акредитирано инспекциско тело за квантитативна и квалитативна контрола на нафтени деривати,
    2. поседување на сопствено овластување или склучен договор со правно лице кое има овластување за:

       - одржување на стабилни инсталации за откривање, јавување и гаснење на пожари и откривање на експлозивни смеси,

       - техничко испитување на хидрантската мрежа за гаснење пожари и контрола на издржливоста на притисокот на цревата во хидрантските ормари,

       - одржување, сервисирање и испитување на стабилните инсталации за заштита од пожари, - одржување, сервисирање и испитување на противпожарни апарати,
    3. поседување или склучен договор со акредитирано инспекциско тело за испитување на системи на заземјување и системи за громобранска заштита.
- табеларен приказ со број и капацитет на резервоарите и
- табеларен преглед на очекувана годишна продажба и снабдување со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт.

Друштвото на 11 јануари 2023 година, достави Барање за мирување на постапката УП1 бр.11-472/22 од 11 јануари 2022 година.

Регулаторната комисија за енергетика постапи по Барањето на друштвото и согласно член 9-в од Правилникот за лиценци („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.51/19, 54/19, 214/19, 114/20, 246/20 и 44/21) донесе Решение за прекин на постапката УП1 бр.11-472/22 од 2 февруари 2023 година.

Друштвото на 8 февруари 2023 година достави:

1. Договор бр.01-02/23 за услуги за контрола на нафта и нафтени деривати склучен на 08.02.2023 година помеѓу Друштво за техничко испитување, анализа и квалитет ЕУРОМАК – КОНТРОЛ ДОО Скопје како извршител на услугите и Друштвото за транспорт, производство, трговија и услуги ЕУРО ПЕТРОЛ ДОО Чешиново како нарачател на услугите,
2. Табели за зафатнина бр.1307-230/1, бр.1307-230/2, бр.1307-230/3 и бр.1307-230/4 од 25 јануари 2023 година издадени од Биро за метрологија.

Друштвото на 13 февруари 2023 година достави:

1. Овластување со кое се овластува лицето Тоше Стојановски за доставување на податоците и Изјава за веродостојност на доставените податоци и информации согласно Прилог 7 од Правилникот за лиценци, од 10.02.2023 година,
2. Имотен лист број 51522 КО Калуѓерица од 13.02.2023 година со прибележан договор за акуп,
3. Правилник за заштита од пожари и експлозии од декември 2022 година,
4. Договор за деловно техничка соработка, Испитување на системи за заземјување и системи за громобранска заштита склучен на ден 16.08.2022 година помеѓу ДООЕЛ ЕЛЕКТРОВИН Виница како изведувач и ЕУРО-ПЕТРОЛ ДОО Чешиново како нарачател.

За вршење на енергетската дејност ќе се користат четири (4) резервоари со волумен од по 50 $m^3$ за складирање на Еуродизел БС, на КП бр. 1072 дел 5, КО Калуѓерица, Имотен лист бр.51522, во сопственост на Друштвото за производство, услуги и трговија ЕУРОПЕТРОЛ - МТ ДОО Радовиш.

Регулаторната комисија за енергетика согласно член 10 став (1) од Правилникот за лиценци изготви предлог одлука и донесе Решение за свикување на подготвителна седница бр.02-332/1 од 16 февруари 2023 година, кое беше предмет на расправа на оваа седница.

Регулаторната комисија за енергетика на 17 февруари 2023 година, одржа седница на којашто врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 17 од Законот за енергетика* и член 13 од Правилникот за лиценци, донесе Одлука за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност трговија на големо со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт - Трговија на големо со Еуродизел БС, на Друштвото за транспорт, производство, трговија и услуги ЕУРО ПЕТРОЛ ДОО Чешиново, Чешиново-Облешево.

Имајќи го предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на приемот.

**УП1. Бр.11-472/22**
**xx февруари 2023 година**
**Скопје**

Изготвил: Виолета Чокузовска
Контролирал: Далибор Митровски
Pajazit Sheapi
Одобрил: Мартин Мартиноски

**Претседател**
**на Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги**
**на Република Северна Македонија**

**Марко Бислимоски**

**Прилог**

**ЛИЦЕНЦА**
**ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ**
**ТРГОВИЈА НА ГОЛЕМО СО СУРОВА НАФТА, НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ, БИОГОРИВА И ГОРИВА ЗА ТРАНСПОРТ - ТРГОВИЈА НА ГОЛЕМО СО ЕУРОДИЗЕЛ БС**

1. **Назив и седиште на носителот на лиценцата**
   Друштво за транспорт, производство, трговија и услуги ЕУРО ПЕТРОЛ ДОО Чешиново, Чешиново-Облешево, со седиште Магистрален Пат М-5 бб Чешиново, Република Северна Македонија

2. **Енергетската дејност за која се издава лиценцата**
   Трговија на големо со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт – Трговија на големо со Еуродизел БС

3. **Датум на издавање на лиценцата:** хх февруари 2023 година

4. **Датум на важење на лиценцата**: 31 јули 2027 година

5. **Евидентен број на издадената лиценца:** НД-ТРГ- 68-2023

6. **Единствен матичен број:** 5594740

7. **Единствен даночен број:** 4013001114890

8. **Вид и обем на енергетската дејност што ќе се врши**
   Со оваа лиценца се определуваат условите за вршење на дејноста трговија на големо со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт.
   Како трговија на големо, во смисла на оваа лиценца се смета купување од земјата и странство на Еуродизел БС, заради натамошна продажба на трговци или потрошувачи во земјата и странство.

9. **Капацитети со кои се врши енергетската дејност**

   За вршење на енергетската дејност ќе се користат четири (4) резервоари со волумен од по 50 $m^3$ за складирање на Еуродизел БС, на КП бр. 1072 дел 5, КО Калуѓерица, Имотен лист бр.51522, во сопственост на Друштвото за производство, услуги и трговија ЕУРОПЕТРОЛ - МТ ДОО Радовиш.
   Носителот на лиценцата е должен во секое време да поседува или да има обезбедено право на користење на склад во кој се складира Еуродизел БС.
   Носителот на лиценцата е должен да ја извести Регулаторната комисија за енергетика за секоја промена на расположливиот капацитет за складирање на нафтениот дериват, најдоцна во рок од 30 дена по настаната промена.

10. **Подрачје на кое ќе се врши дејноста**
    Енергетската дејност трговија на големо со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт - Трговија на големо со Еуродизел БС носителот на лиценцата може да ја врши на територијата на Република Северна Македонија и во странство.

11. **Општи обврски за носителот на лиценцата**
    Носителот на лиценцата е должен да:
    - обезбеди сигурно и безбедно снабдување со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт,
    - обезбеди нафтените деривати, биогоривата и горивата за транспорт со кои врши трговија да ги исполнуваат пропишаните норми за квалитет,

- ги почитува законите, другите прописи и општи акти кои се однесуваат на вршење на дејноста трговија со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт, заштита на конкуренцијата, заштита на потрошувачите, заштита на животната средина, животот и здравјето на луѓето и заштита при работа,
- ги почитува техничките правила, нормативи и стандарди за работа на енергетските објекти и опрема,
- доставува податоци и информации согласно Правилникот за начинот и постапката за следење на функционирањето на пазарите на енергија,
- доставува известувања за сите околности, настани и промени кои што имаат или би можеле да имаат влијание врз вршењето на енергетската дејност,
- да води одвоено сметководство за секоја поединечна енергетска дејност што ја врши или други дејности кои ги извршува,
- овозможи непосреден увид по барање на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија, во целокупната документација која што се однесува на вршењето на енергетската дејност за која што е издадена лиценцата, во согласност со Правилникот за лиценци, и
- ги почитува правилниците и другите прописи кои ги донесува или одобрува Регулаторната комисија за енергетика во согласност со закон.

**12. Обврска за доставување на Годишен извештај за работењето**

Носителот на лиценцата е должен до Регулаторната комисија за енергетика најдоцна до 31 март во тековната година да достави Годишен извештај за работењето, вклучувајќи го и извештајот за финансиското и деловното работење во претходната година.

Годишниот извештај со сите прилози задолжително се доставува и во електронска форма.

Годишниот извештај треба да содржи податоци за:

1) опис и обем на вршењето на енергетската дејност во текот на годината,
2) годишна завршна сметка со сите прилози,
3) преземени мерки во текот на извештајната година за:
   - заштита на објектите и опремата од надворешни влијанија и хаварии и осигурување на објектите и опремата за вршење на енергетска дејност,
   - безбедност и здравје при работа,
   - кадровска екипираност, обука и стручно усовршување на вработените,
   - заштита на животната средина, животот и здравјето на луѓето,
   - извршување на мониторинг на работењето,
   - вршење на дејноста во услови на кризна состојба, промена на условите на светскиот пазар, како и воена и вонредна состојба,
4) извршување на годишната програма за ремонти,
5) реализирање на планот за работа кој што се однесува на соодветната година,
6) извршени инспекциски надзори и контроли од страна на надлежни инспекциски и други државни органи, со приложени фотокопии на записниците, извештаите и решенијата од извршените надзори и контроли.

**13. Менување, продолжување, пренос, престанување, суспендирање и одземање на лиценцата**

Менување, продолжување, пренос, престанок, суспендирање и одземање на оваа лиценца ќе се врши во согласност со одредбите од Законот за енергетика и Правилникот за лиценци.

**14. Мерки во случај на неисполнување на обврските на носителот на лиценцата**

Ако носителот на лиценцата не ги исполнува обврските содржани во оваа лиценца, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија ќе преземе мерки согласно Законот за енергетика и Правилникот за лиценци.